# ПРИЛОГ 1: ПРЕГЛЕД НА МЦМС ПРЕДЛОГ ЗА АМАНДМАНИ

## I. ПРЕДЛОГ НА АМАНДМАНИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

### 1. Амандман на член 4 (Право на здружување)

Во став (1) се заменува „на” со „во” (здружување во здруженија...).

Новиот член 4 гласи:

*(1) Правото на слободно здружување се остварува преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и организационите облици на странски организации (во натамошниот текст организации) за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.*

*(2) Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица.*

***Образложение:***

*Со употребата на „на” се изменува намерата од здружување во здруженија, во здружување на здруженија. Законот уредува здружување на лица во здруженија, а не здружување на облиците. Здружувањето на облиците, организациите се уредува во член 5.*

### 2. Амандман на член 5 (Здружување на организации)

Во став (1) делот од реченицата „да се регистрира во согласно со овој закон“ се заменува со „да се регистрира и делува во согласност со одредбите за здруженија од овој закон“.

Во став (1) се додава сврзник „и“ меѓу претпоследниот и последниот дел од реченицата.

Во став (2) делот од реченицата „сојузи и другите форми на здружување” се менува со „здруженијата, фондациите и сојузите”.

Во став (3), се брише делот од реченицата „а не се регистрирани во согласност со овој закон”.

Новиот член 5 гласи:

*(1) Две или повеќе здруженија или фондации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да има својство на правно лице и да се регистрира и делува во согласност со одредбите за здруженија од овој закон.*

*(2) Здруженијата, фондациите и сојузите можат да членуваат или да соработуваат во меѓународни организации и здруженија.*

*(3) Здруженијата или фондациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, со здружувањето не го губат својството на правно лице.*

***Образложение:***

*Во овој закон нема одредби за процедурата на регистрација и управување на сојузите. Тоа може да предизвика нејасност во тој дел. Со изменета формулација се посочува дека за сојузите ќе се применуваат одредбите со кои се уредуваат здруженија.*

*Постоечката формулација во став (2) не е доволно јасна дека правото за членство во меѓународни организации се однесува и на здруженија и фондации.*

*Намерата на став (3), е да ја утврди разликата меѓу здружување и статусни промени (присоединување, спојување..). При здружувањето нема промена на правниот статус на здружените организации, додека при статусните промени има промена на*

*правниот статус на вклучените организации. Делот од ставот кој се предлага за бришење е нејасен во однос на намерата на ставот (3).*

**3. Амандман на член 7** (**Време на дејствување на организацијата и олеснување)**

Ставовите (1) и (2) се раздвојуваат во посебни членови.

Ставот (1) се заменува со нов став (1) кој гласи: „Ако со актот за основање, односно со статутот не е определено времето на траење на организацијата, се смета дека организацијата е основана на неопределено време."

Ставот (2) станува посебен член во поглавје 7 „Средства за работа на организациите" како нов член 49а или нов став во член 49 – средства од буџетите, кој гласи „Организациите имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон."

Новиот член 7 гласи:

*6. Време на дејствување на организацијата*

*Член 7*

*Ако со актот за основање, односно со статутот не е определено времето на траење на организацијата, се смета дека организацијата е основана на неопределено време.*

***Образложение:***

*Раздвојувањето на ставовите (1) и (2) е потребно бидејќи уредуваат различни прашања. Со алинеја 4, од став (1) од член 63 е уреден престанокот на организација чие време за основање утврдено со статут е изминато. Исто така постапката за бришење од регистар е предвидена со член 72. Намерата на новиот член е да утврди дека основањето може да биде на одредено и неодредено време и ако со статутот не е предвидено времето се смета дека основањето е на неодредено време.*

*Во однос на ставот (2) даночните и царински олеснувања се облици на индиректно финансирање. Согласно на тоа треба да се дел од поглавјето 7 каде се уредуваат средствата на организациите, како нов член 50 или како нов став во член 48 - извори на финансирање. Исто така во членот треба да се избрише „со статус од јавен интерес", бидејќи овие олеснувања се однесуваат на сите организации, што е стекнато право со претходниот закон, а за организациите со статус од јавен се предвидени дополнителни ослободувања кои се уредени со член 88 – олеснувања.*

**4. Амандман на член 13 (Непартиско делување)**

Во став (2) делот од реченицата „активност на политичка партија" се заменуваат со „влијание на избори".

Ставот (2) се менува и гласи: „(2) Како влијание во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија."

Новиот член 13 гласи:

*(1) Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.*

*(2) Како влијание во смисла на ставот (1) на овој член се подразбира учество на организациите во избори и изборна кампања за конкретна политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.*

***Образложение:***

*Ставот (2) не го појаснува ставот (1) „активности на политичка партија" тука еден дел и тоа влијание на избори. Самите „активности на политичка партија" се објаснети веќе во став (1) и тоа како „директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите".*

*Измената би обезбедила јасно толкување на влијание на избори, при што од ваквото толкување се исклучени едукација на гласачи, јавни расправа и трибини со учество на сите партии, набљудување на избори, итн.*

**5. Амандман на член 14 (Иницијативи во јавниот живот)**

Предлог членот да се избрише или да се замени со нов член 14.

Новиот член 14 гласи:

*Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од ниввен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во креирањето на јавни политики, закони и други прописи, како и да учествуваат во работата на телата за одлучување на централно и на локално ниво*.

***Образложение:***

*Предлогот за промена е во насока на концептот кој што се истакнува односно „учеството во креирање на политиките“ наспроти „иницијативи во јавниот живот“. Законодавецот во овој член треба да ја има предвид втората цел од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор – Учество на граѓанскиот сектор во креирање политики. Имено во оваа цел се вели дека „ Владата има за цел да развие систем на основни начела за вклучување на граѓаните и нивните организации во процесите на донесување одлуки. Со ова, Владата ќе обезбеди гаранции дека мислењата на граѓанските организации ќе бидат разгледани и вклучени во процесите на креирање, спроведување, следење на јавните политики и дека потребите и приоритетите на граѓаните се рефлектирани во тие политики. Преку овој систем, граѓанските организации ќе учествуваат во донесување одлуки и подготовка на државни акти преку учество во јавни дискусии и поднесување мислења и ќе бидат вклучени во меѓусекторски работни групи“. Доколку таа формулација не е прифатлива, сегашната нема додаден вредност и треба да се избрише. Тоа посебно бидејќи учество во градење на јавно мислење е инструмент за влијание на јавни политики, и сам по себе не може да биде начело на граѓанското општество.*

**6. Амандман на член 15 (Основачи)**

Ставот (2) се менува и гласи: „(2) Здружение можат да основаат најмалку три основачи, од кои еден од основачите мора да има живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија“.

Алтернатива на оваа измена е бројот на основачи да се намали за сојузите.

Во став (3) се дополнува „со своја изјава и“.

Новиот член 15 гласи:

*(1) Здружение можат да основаат физички и правни лица.*

*(2) Здружение можат да основаат најмалку три основачи, од кои еден од основачите мора да има живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија.*

*(3) Здружение можат да основаат и малолетни лица со навршена петнаесет годишна возраст со своја изјава и заверена изјава на нотар од нивниот законски застапник, за согласност за основање на здружение, во согласност со закон.*

***Образложение:***

*Потребно е бројот на основачи да се намали од пет на три лица, а само еден наместо три од нив да има живеалиште односно престојувалиште на територијата на Република Македонија. Сметаме дека Република Македонија треба да биде во чекор со праксата од регионот (види табела Преглед на законодавство стр. 5 од предлогот), особено по прашањето на задолжителноста на живеалиште и престојувалиште односно*

*седиште на територијата на Република Македонија на основачите. Сегашното решение кое предвидува тројца од основачите да имаат живеалиште/престојувалиште во Република Македонија е непотребно, бидејќи суштината на оваа одредба е достапноста на едно од лицата во процесот на основање односно регистрација на организацијата. Имено, основачите со чинот на основање имаат подеднакви права како и другите членови и истите може во секое време да истапат од организацијата. Затоа, во овој случај е важна достапноста на лицето кое е правен застапник на организација, а кое прашање е соодветно регулирано со членот 25 – застапник на здружението, односно застапникот треба да биде деловно способно лице со престојувалиште или живеалиште во земјава. Исто така во правниот систем на земјата е овозможено формирање на правни лица (трговски друштва) без обврска основачите или застапникот да имаат престојувалиште или живеалиште во земјава. Соодветно треба и уредувањето на оваа прашање да биде полиберално. Ова прашање има и економско значење, односно би овозможила регистрација на сојузи и мрежи од регионот во Македонија, што би имало позитивно економски влијание.*

**7. Амандман на член 17 (Акт за основање)**

Во став (1) алинеја 2 се менува и гласи: „- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на здружението".

Ставот (2) се брише. Алтернатива: ставот (2) се менува и гласи: „ Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изречна волја на основачите додека трае процесот на регистрација".

Новиот член 17 гласи:

*(1) Актот за основање на здружението содржи;*

*- име, седиште и адреса на здружението;*

- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на здружението*;*

*- цели на здружението;*

*(2) Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изречна волја на основачите додека трае процесот на регистрација.*

***Образложение:***

*Соодветна е употребата на зборот „основач" бидејќи не поставува ограничувања врз лицата кои можат да бидат основачи. Исто така треба да се употребува матичен број бидејќи сите физички и правни лица имаат матичен број.*

*Основачите се еднакви со другите членови согласно со член 19 став (2) од овој предлог. Тоа е во согласност со меѓународните стандарди. Соодветно основачите по завршувањето на регистрацијата не можат да имаат повеќе права од другите членови. Актот за основање може да се менува само до регистрацијата. По тоа највисок акт на организацијата е Статутот.*

**8. Амандман на 18 (Статут и содржина на статутот)**

Во ставот (1) помеѓу алинеја 1 и 2 се додава друга алинеја која што гласи: *„- целите на здружението".*

Алинејата 14 од став (2) се префрла како прва алинеја во став (3), се менува и гласи: „-знакот на здружението".

Новиот член 18 гласи:

*(1) Здружението има статут.*

*(2) Со статутот на здружението се уредуваат:*

*- името и седиштето;*

*- целите на здружението;*

*- дејностите со кои се остваруваат целите;*

*- начин на одлучување за зачленување, за исклучување и престанок на членувањето во здружението;*
*- права, обврски и одговорности на членовите;*
*- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начин на одлучување;*
*- застапување по закон;*
*- начин на стекнување и располагање со средствата;*
*- начин на донесување на финансиски и други извештаи;*
*- начин на остварување на јавност и отчетност во работата;*
*- начин на донесување, изменување и дополнување на статутот;*
*- начин на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;*
*- начин на донесување на планови и програми;*
*- постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението; и*
*- други прашања утврдени со закон*

*(3) Со статутот на здружението можат да се уредат и:*
*- знакот на здружението;*
*- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и сл.), ако ги има;*
*- начинот на донесување на другите акти;*
*- судир на интереси;*
*- начин на разрешување на спорни прашања; и*
*- други прашања од значење за работата на здружението.*

***Образложение:***

*Во член 91 е предвидена глоба за случаи кога организацијата врши дејност која не е во согласност со целите наведени во член 18 и 31 на предлог законот. Но во член 18 не постои одредба за наведување на целите. Поради тоа сметаме дека во статутот мора да бидат наведени целите.*

*Знакот и симболот не треба да се од суштинско значење за да мора да бидат задолжителни елементи во статутот на организациите. Нивната подготовка и апликација може да предизвикаат и дополнителни финансиски трошоци.*

**9. Амандман на член 19 (Членување во здружение)**

Ставот (1) се дополнува со „под еднакви услови утврдени со статутот“.

Ставот (4) се брише или се менува и гласи: “Малолетно лице до четиринаесет години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на неговиот законски застапник во согласност со закон, а за малолетник со навршени четиринаесет години живот, изјава за зачленување дава малолетникот.“

Новиот членот 19 гласи:

*(1) Членувањето во здружението е доброволно под еднакви услови утврдени со статутот.*

*(2) Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.*

*(3) Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.*

*(4) Малолетно лице до четиринаесет години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на неговиот законски застапник во согласност со закон, а за малолетник со навршени четиринаесет години живот, изјава за зачленување дава малолетникот.*

*(5) Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови во здружението со заверена изјава на нотар на законскиот застапник во согласност со закон.*

***Образложение:***

*Здружувањето е доброволна и за двете страни и за членот и за организацијата. Односно лице може да стане член ако ги исполнува условите одредени со статут на организацијата. Истовремено овие услови треба еднакво да се применуваат на сите лица кои сакаат да станат членови, што е основа за заштита од дискриминација. Ова е потребно и за усогласување со став 2 од член 20 од Уставот.*

*Членот 21, став 2 од постоечкиот ЗЗГФ гласи: „Член на здружение на граѓани може да биде секој граѓанин државјанин на РМ, кој доброволно ќе пристапи кон здружение на начин утврден со статутот". Решението во овој предлог-закон е понеповолен од од постоечкиот и придонесува кон рестрикција на слободата на здружување. Сметаме дека на секое лице, вклучително и на малолетните лица треба да им се даде правото да членува во здружение без дополнителни условувања. Дополнителен аргумент треба да бидат и одредбите од Конвенцијата за заштита на правата на детето според кои во ставот 1 од членот 16 се вели „Државите членки го признаваат правото на детето на слободно здружување и мирно собирање." Ограничување на овие слободи се возможни само доколку „....се неопходни во демократско општество во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, јавниот поредок, заштитата на јавното здравје и морал, или заштитата на правата и слободите на другите" (став 2 од членот 16).*

**10. Амандман на член 23 (Надлежност на собранието)**

Во алинеја 2 делот од реченицата „извештај за работа" се менува со зборот „деловен", додека делот од реченицата „и го објавува на својата веб страна" се брише.

Алинеја 3 се брише.

Новиот член 23 гласи:

*Собранието:*

- *донесува статут, програма и други акти;*
- *усвојува годишен деловен и финансиски извештај*
- *одлучува за промена на целта на здружението;*
- *одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на здружението;*
- *избира и разрешува членови на органите;*
- *одлучува за статусни промени на здружението;*
- *одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението; и*
- *врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.*

***Образложение:***

*Замената на делот од алинеја 2 "извештај за работа" со „деловен извештај" е поради терминолошка усогласување со другите членови.*

*Прашањето за објавување на извештаите на веб-страна е уредено во **член 53** – извештаи за работа.*

*Прашањето од алинеја 3 да се уреди во член 49 – средства од буџетите каде може да се додаде нов став „Организациите кои добиле средства од став (1) од овој член доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.*

*Исто така треба да се има предвид дека Собранието може да управува односно да донесува и одобрува извештаи, не може да доставува извештаи. Дополнително доставувањето на извештаи е одговорност на застапникот (директорот) и прекршочните казни (глоби) се за одговорното лице – застапник на организацијата, а не за органите.*

**11. Амандман на член 25 (Застапник на здружението)**

Ставот (2) се менува и гласи „(2) Со статутот се утврдува името на органот за застапување на здружението“.

Новиот член 25 гласи:

*(1) Здружението има едно или повеќе лица, овластени за застапување на здружението (во понатамошниот текст: застапник), избран односно именуван на начин утврден со статутот.*

*(2) Со статутот се утврдува името на органот за застапување на здружението.*

*(3) Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.*

*(4) Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.*

***Образложение:***

*Во статутот може да се определи името на органот кој ќе го врши застапувањето (тоа може да биде застапник, директор, претседател, или друг назив). Формулацијата која е дадена во овој став укажува на потреба од утврдување на името на физичко лице. Тоа ќе доведе до потреба за измена на статут, при секој избор на застапник. За измена на статут е потребно двотретинско мнозинство, а за избори мнозинство. Ваквата одредба може да ја блокира работата на здружението.*

*Исто така со став 3 од член 42 – запишување во регистар е предвидено да се достави одлука за избор на застапник со неговите лични податоци. Соодветно ова прашање е уредено со тој член (42).*

**12. Амандман на член 29 (Акт за основање)**

Во став (1) алинеја 2 се менува и гласи: „- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на фондацијата“.

Ставот (2) се дополнува со „вклучувајќи и право на основачот во одлучувањето при промена на“ и гласи: „(2) Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и делување на фондацијата, вклучувајќи и право на основачот во одлучувањето при промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата“.

Новиот член 29 гласи:

*(1) Актот за основање на фондацијата содржи:*

*- име и седиште на фондацијата;*

*- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на фондацијата;*

*- цели на фондацијата; и*

*- висината на имотната маса со која се основа фондацијата изразена во пари за секој основач одделно.*

*(2) Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и делување на фондацијата, вклучувајќи и право на основачот во одлучувањето при промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.*

*(3) Актот за основање се потпишува од основачите и се заверува пред нотар.*

***Образложение*:**

*Во алинеја 2 од ставот (1) соодветна е употребата на зборот „основач“ бидејќи не поставува ограничувања врз лицата кои можат да бидат основачи. Исто така треба да се употребува матичен број бидејќи сите физички и правни лица имаат матичен број.*

*Намерата на ставот 2 е да се постигне транспарентност на правата на основачот во однос на органите на фондацијата. Моќта на одлучување во фондацијата треба да биде во органите на фондацијата, а правата на основачот да се ограничат на клучните стратешки прашања, надвор од раководењето. Слично е уредувањето на оваа прашање и во Бугарија (ЕФЦ, 2008).*

## 13. Амандман на член 31 (Статут и содржина на статутот)

Алинејата 12 од став (2) се префрла како прва алинеја во став (3), се менува и гласи: „- знакот на фондацијата".

Во алинеја 4, во ставот (3) зборот „спорови" се заменува со „спорни прашања".

Став (4) се менува и гласи: „Со статутот на фондацијата може да се уреди и правото на основачот да одлучува за промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата."

Новиот член 31 гласи:

*(1) Фондацијата има статут.*

*(2) Со статутот се уредуваат:*

*- името и седиштето на фондацијата;*

*- целите на фондацијата;*

*- дејноста со која се остваруваат целите на фондацијата;*

*-внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување;*

*- законското застапување;*

*- начин на стекнување и располагање со средствата;*

*- начин за донесување на деловни, финансиски и други извештаи;*

*- начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата;*

*- начинот на донесувањето, изменување и дополнувањата на статутот;*

*- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на фондацијата;*

*- постапување со средствата на фондацијата во случај на престанок на фондацијата;*

*- начин на донесување на планови и програми; и*

*- други прашања утврдени со закон.*

*(3) Со статутот на фондацијата може да се уреди и:*

*- знакот на фондацијата;*

*- внатрешните организациони форми на фондацијата (подружници, ограноци и сл.), ако фондацијата ги има;*

*- начинот на донесување на другите акти;*

*- судир на интереси; и*

*- други прашања од значење за работа и начин на разрешување на спорни прашања на фондацијата.*

*(4) Со статутот на фондацијата може да се уреди и правото на основачот да одлучува за промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.*

***Образложение:***

*Знакот е дополнителен товар за организацијата и не треба да претставува задолжителен елемент.*

*Спорови треба да се змаени со спорни прашања.*

*Намерата на ставот (4) е да се постигне транспарентност на правата на основачот во однос на органите на фондацијата. Моќта на одлучување во фондацијата треба да биде во органите на фондацијата, а правата на основачот да се ограничат на клучните стратешки прашања, надвор од раководењето. Види образложение за член 29.*

**14. Амандман на член 35 (Надлежност на одборот)**

Во алинеја 2 делот од реченицата „извештај за работа“ се менува со зборот „деловен“, додека делот од реченицата „и го објавува на својата веб страна“ се брише.
Алинеја 3 се брише.

Новиот член 35 гласи:
*Одборот на фондацијата:*
- *донесува статут, програма и други акти;*
- *усвојува годишен деловен и финансиски извештај;*
- *одлучува за промена на целта на фондацијата;*
- *одлучува за внатрешната организација и организациони форми на фондацијата;*
- *избира и разрешува членови на органите;*
- *одлучува за статусни промени на фондацијата;*
- *одлучува за престанок на фондацијата; и*
- *врши и други работи во согласност со статутот и актите на фондацијата.*

***Образложение:***
*Исто како* 10. Амандман на член 23 (9. Надлежност на собранието)
*Замената на делот од алинеја 2 “извештај за работа“ со „деловен извештај“ е поради усогласување со другите членови.*
*Прашањето за објавување на извештаите на веб-страна е уредено во **член 53** – извештаи за работа. За предложена измена во алинеја 3 важи дека Одборот може да управува односно да донесува и одобрува извештаи, не може да доставува извештаи. Дополнително доставувањето на извештаи е одговорност на застапникот (директорот) и прекршочните казни (глоби) се за одговорното лице – застапник на организацијата, а не за органите.*
*Оваа прашање да се уреди во **член 49** – средства од буџетите каде може да се додаде нов став „Организациите кои добиле средства од став 1 од овој член доставуваат деловни и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.“*

**15. Амандман на член 49 (Средства од буџетите)**

Се додава нов став (5) кој гласи: „Организациите кои добиле средства од став 1 од овој член доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.“

Новиот член 49 гласи:
*(1) Организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.*
*(2) Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.*
*(3) Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.*
*(4) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб – страна ги објавуваат организациите кои ги добиле*

*средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.*

*(5) Организациите кои добиле средства од став 1 од овој член доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.*

***Образложение:*** *Согласно со амандманите на членовите 23 и 35.*

**16. Амандман – нов член (Даночни и царински олеснувања)**

Даночни и царински олеснувања

Член 49а

(1) Организациите имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон.

(2) Даночните и царински олеснувања од став 1 од овој член не може да се применат за средствата која организацијата ги употребила во спротивност на член 12 и член 13 од овој закон.

***Образложение:***

*Даночните и царински олеснувања се облици на индиректно финансирање. Во предлогот се уредени во член 7, а согласно на погоре наведеното треба да се дел од поглавјето 7 каде се уредуваат средствата на организациите, како нов член 49 или како нов став во член 49 – средства од буџетите. Исто така во членот треба да се избрише „со статус од јавен интерес“, бидејќи овие олеснувања се однесуваат на сите организации, што е стекнато право со постоечкиот ЗЗГФ, а за организациите со статус од јавен се предвидени дополнителни ослободувања кои се уредени со* ***член 88*** *– олеснувања.*

*Во постоечкиот ЗЗГФ има казнени одредби работа спротивно на непрофитниот и непартискиот карактер на организациите (види забелешка кај член 13). Во предлогот не се предвидени казнени одредби, што тие две работи ги трансформира во етички стандард. Тоа е во согласност со меѓународната пракса. Сепак постои потреба да се направи ограда од можното кршење на одредбите од член 12 – непрофитност и 13 – непартиско делување. Оградата или санкцијата е да не се применуваат даночни и царински ослободувања за средствата употребени во спротивност од член 12 и 13.*

**17. Амандман на член 50 (Употреба на средствата)**

Ставот (3) се раздвојува во два нови става 3 и 4 кои гласат:

„(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица, освен исклучоците уредени со овој член.

(4) Средствата на организацијата можат да се исплаќаат на членовите кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата“.

Ставот (4) станува став (5), се менува и гласи: „(5) Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на трошоци, како и надоместок за извршени работи надвор од работата во органите.“

Ставот (5) станува став (6) и се дополнува со *„и со актите на организацијата“.*

Новиот член 50 гласи:

*„(1) Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.*

*(2) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.*

*(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица, освен исклучоците уредени со овој член.*

*(4) Средствата на организацијата можат да се исплаќаат на членовите кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата.*

*(5)„Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на трошоци, како и надоместок за извршени работи надвор од работата во органите.“*

*(6) Вработените имаат право на плата и надоместоци, во согласност со закон, колективен договор и актите на организацијата.“*

***Образложение:***

*Предлог став (3) вака формулиран е во спротивност со ставовите (4) и (5), бидејќи и тие се исклучоци.*

*Смислата на ставот (4) е дека работата во органите е доброволна, што е основа на спречување на злоупотреба на положбата за самододелување непримерни награди. Намерата е да се надоместува работа надвор од органи (пр. истражување, други авторски дела), а не работа во органи која треба да е доброволна. Со сегашната формулација почетокот и крајот се контрадикторни.*

**18. Амандман на член 53 (Извештаи за работа)**

Се додава нов став (1) Организациите водат деловни книги и подготвуваат извештаи во согласност со закон.

Постоечкиот став 1 и 2 се реформулираат во еден став (2).

Рокот за објавување на извештаите се менув „30 јуни“.

Новиот член 53 гласи:

*„(1) Организациите водат деловни книги и подготвуваат извештаи во согласност со закон.*

*(2) Организациите подготвуваат годишни деловни и финансиски извештај, ги доставуваат до надлежниот орган во согласност со закон и се должни да ги објават на својата интернет страна или на друг соодветен начин утврден со статут ги направат достапни на јавноста.*

*(3) Извештаите од став (2), организациите се должни да ги објават најдоцна до 30 јуни за претходната година“.*

***Образложение:***

*Потребна е преформулација за појаснување и за вклучување на деловните книги. Содржината на став (2) е појасно формулирана.*

*Рокот е преместен од 31 март на 30 јуни, бидејќи рокот до 31 март е прекраток за објавување на финансиски извештаи (ревидирани). Потврда за тоа е дека со соодветните закони, банки се задолжени да ги објават своите извештаи до 15 мај, а акционерските друштва до 30 јуни. Со рок до 31 март, организациите се ставаат во нееднаква положба во однос на далеку помоќни институции како банки и акционерски друштва.*

**19. Амандман на член 54 (Располагање со средствата во случај на престанок)**

Во став (3) делот од реченицата „за што одлучува давателот на средствата“ се брише.

Новиот член 54 гласи:

*„ (1) Во случај на престанок на работата на организацијата, средствата што остануваат по намирување на обврските, се користат на начин утврден со статутот.*

*(2) Ако со статутот не е определен примателот на средствата што остануваат по намирување на обврските од став 1 на овој член, тие средства се пренесуваат на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје има седиште организацијата.*

*(3) Во случај на престанок на организацијата со статус на јавен интерес, средствата се пренесуваат на друга организација со статус од јавен интерес со иста или слична цел на дејствување или на општината на чие подрачје има седиште организацијата“.*

***Образложение:***

*Односите меѓу корисникот (организацијата со или без ОЈИ) и давателот (Влада, донатор итн.) се должничко - доверителски односи кои се уредуваат со договор, а не со закон. Финансиски сметководствен стандард е да средствата донирани на организација стануваат приход на организацијата по наменската употреба. Со член 71 од овој предлог е предвидено во случај на престанок (ликвидација) или стечај прво да се намират обврските, што вклучува и евентуални обврски кон давателите на средствата (за примени средства, а неизвршени активности). Соодветно на тоа давателите на средства се заштитени од ризик на престанок на организацијата.*

**20. Амандман на член 56 (Орган за надзор)**

Ставот (1) се менува и гласи: „(1) *Организациите може да имаат орган за надзор“.*

По ставот (2) се додава став (3) кој гласи: „(3) Ако со статутот не е предвиден посебен орган за надзор, надзорот го врши највисокиот орган на организацијата“.

Новиот член 56 гласи:

*„(1) Организациите може да имаат орган за надзор.*

*(2) Органот за надзор ја следи примената на статутот и програмата, се грижи за работењето и имотот на организацијата и врши други работи на начин утврден со статутот.*

*(3) Ако со статутот не е предвиден посебен орган за надзор, надзорот го врши највисокиот орган на организацијата.“*

***Образложение:***

*Организациите треба да имаат право на избор во однос на воспоставувањето на надзорен орган, со оглед на фактот дека организациите го задоволуваат основниот принцип за добро управување со поделба на управи и извршни органи (предвидени во овој закон). Најчестата пракса во земјите од регионот е доброволност за дополнителен надзорен орган бидејќи таа функција најчесто ја врши собранието кај здруженијата или одборите кај фондациите. Исто така, укажуваме и на најчестата пракса која што секако е запазена и во овој предлог закон за задолжителност на орган за надзор кај организациите кои ќе се стекнат со статус од јавен интерес (член 77). Според тоа сметаме дека органот за надзор треба да биде можност, а не обврска за сите организации, додека за организациите кои што се стекнале со статус од јавен интерес органот за надзор да биде задолжителен (член 77). Исто така намерата за задолжителен орган за надзор е контрадикторен на ослободувањето од обврска за поднесување на завршна сметка за организациите со приходи помали од 2.500 ЕУР, согласно со законот за непрофитно сметководство.*

**21. Амандман на член 75 (Критериуми за јавен интерес)**

Алинеја 5 се менува и гласи „- *има простор за работа и кадровски капацитети потребни за дејноста, во согласност со закон*“.

Алинеја 9 се менува и гласи: *„- е даночно одговорна“.*

Новиот член 75 гласи:

*„Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес ако:*

*- е регистрирана согласно одредбите на овој закон;*
*- дејноста од јавен интерес е приоритетна дејност во нејзиното работење;*
*- работењето и дејствувањето е насочено кон поширокета јавност и кон интересите на заедницата;*
*- има потребна организациска структура согласно овој закон;*
*- има простор за работа и кадровски капацитети потребни за дејноста, во согласност со закон;*
*- има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишен приход од минимум 1.500 евра во денарска; противвредност според курсот на Народна банка на Република Македонија;*
*- има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето;*
*- не е во стечај или ликвидација и нема блокирана жиро сметка; и*
*- е даночно одговорна.“*

***Образложение:***

*Со измената на алинеја 5 се појаснува дека просторните и кадровските потреби се дефинирани со дејноста, односно со закон. Со тоа се намалува дискреционата моќ и се зголемува транспарентноста. Пр. доколку една организација за заштита на животни гради јавна свест, за тоа не е потребно да исполнува посебни услови, бидејќи не се предвидени со закон.*

*Постои пракса на Уставниот суд да не го прифаќа критериумот за платени даноци и други јавни давачки (Одлуки на Уставен суд У.бр. 153 2008 и У.бр. 132/2008 во врска со Законот за трговски друштва и Правилник за оператот на депонија, а на основа на член 8 и 32 од Уставот). Тие одлуки се засновани на тоа дека за собирање на даноци постојат други законски механизми.*

*Критериумот за организација од јавен интерес за платени даноци и други јавни давачки не е поврзан со собирање на даноци, туку со оценка на капацитетот на организациите да бидат „даночно одговорни“. Ова е суштински за концептот на статус организација од јавен интерес бидејќи статусот треба да води кон дополнителни даночни олеснувања.*

**22. Амандман на член 76 (Барање)**

Алинејата 12 од став (2) се менува и гласи „- *потврда од Управата за јавни приходи за даноци, придонеси и други јавни давачки*;“

Алинејата 13 од став (2) се менува и гласи *„- потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација“.*

Став (3) се менува и гласи *„ Документите од алинеја 5 до 14 од став (2) не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар.“*

Новиот член 76 гласи:

*„ (1) Здружението или фондацијата поднесува барање за добивање на статус на организација од јавен интерес до Комисијата за организации со статус од јавен интерес.*

*(2) Кон барањето се поднесува и:*

*- решение за запишување во Регистарот;*
*- статут;*
*- програма за работа за тековната година;*
*- опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во статутот и активностите со кои е спроведувана;*
*- препорака од организации или институции со кои соработувале;*
*- опис на организациската структура;*
*- опис на просториите за работа и кадровскиот капацитет;*
*- изјава за судир на интереси од застапникот;*
*- информација за економска и финансиска состојба на организацијата,*
*- завршна сметка;*
*- потврда од банка за состојба на жиро сметка;*
*- потврда од Управата за јавни приходи за даноци, придонеси и други јавни давачки*
*- потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација; и*
*- уверение дека со правосилна одлука не е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност.*

*(3) Документите од алинеја 5 до 14 од став (2) не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар.*

*(4) Статусот од јавен интерес е непреносив на организациите настанати со статусни промени".*

***Образложение:***

*Алинеја 12 се менува во согласност со образложението од претходниот член. Потврдите се потребни не поради собирање на данок, туку за оценка на даночната способност на барателот.*

*Додаден е зборот „стечај" како потреба од усогласување со другите одредби на законот за престанок на работа на организацијата.*

*Документите од алинеја 1-4 од став (2) се трајни, и не може да се бараат да бидат не постари од шест месеци.*

**23. Амандман на член 77 (Орган за надзор)**

Алинејата 4 се менува и гласи „поднесува извештај на собранието на здружението, односно одборот на фондацијата, најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење на организацијата".

Новиот член 77 гласи:

*„ (1) Организацијата од јавен интерес има орган за надзор.*

*(2) Органот за надзор:*

*- го следи спроведувањето на статутот и програмата на организацијата;*
*- се грижи за работењето и имотот на организацијата;*
*- го контролира начинот на работењето на органот на управување;*
*-поднесува извештај на собранието на здружението, односно одборот на фондацијата, најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење на организацијата;*
*- ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на организацијата; и*
*- врши други работи утврдени со закон и статутот."*

***Образложение:***

*Промената во алинејата 4 е потребна од две причини.*

*Прво, органот за надзор е орган кој ја врши внатрешната контрола на организацијата односно го следи работењето (пред се финансиското) на другите органи. Според тоа органот за надзор има обврска да поднесува извештај само до највисокиот орган на управување во организацијата, но нема обврска да известува кон надвор, бидејќи истата е доверена на застапникот кај здруженијата односно на директорот кај фондациите. Втората причина е мешањето односно не правењето*

*разлика меѓу институтите „статус од јавен интерес“ со „јавни овластувања“. Имено, овие одредби за орган за надзор се предвидуваат за организациите со статус од јавен интерес кои што може но и не мора да бидат корисници на средства од некој орган на државната управа, што е поразлично од ситуациите кога со посебни закони на одредени граѓански организации може да им се доверат јавни овластувања. За организациите со статус од јавен интерес предвидени се одредби за известување кон надлежните органи (членови 85 и 86), додека јавните овластувања се уредени во посебен дел (глава 12).“*

**24. Амандман на член 79 (Определување на организации со статус од јавен интерес)**

Ставот (1) се менува и гласи: „За доделување на статус на организација од јавен интерес Владата на Република Македонија формира Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија) која донесува решенија по доставените барања од организациите“.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2). Во новиот став (2) зборот „шест“ се заменува со „десет“ и се дополнува со „два члена од други органи на државната управа и два члена од граѓанското општество“.

Се додава нов став (3) кој гласи „Членовите на Комисијата од органите на државната управа треба да бидат лицата одговорни за соработка со организациите во својот орган на државна управа. Членовите на Комисијата од граѓанско општество се избираат на јавен конкурс.“

Се додава нов став (5) кој гласи: „Владата на Република Македонија ги верификува решенијата на Комисијата од став (1) од овој член.“

Новиот член 79 гласи:

*„ (1) За доделување на статус на организација од јавен интерес Владата на Република Македонија формира Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија) која донесува решенија по доставените барања од организациите.*

*(2) Комисијата е составена од претседател и десет члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, два члена од други органи на државната управа и два члена од граѓанското општество.*

(3) *Членовите на Комисијата од органите на државната управа треба да бидат лицата одговорни за соработка со организациите во својот орган на државна управа. Членовите на Комисијата од граѓанско општество се избираат на јавен конкурс.*

*(4) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години.*

*(5) Владата на Република Македонија ги верификува решенијата на Комисијата од став (1) од овој член“.*

***Образложение:*** *Со преформулација на одредбите Владата на Република Македонија го верификува решението за доделување на статус на организација од јавен интерес кое што го носи Комисијата. Предлогот е од практични причини за да не биде товарот на Владата и да не се претвори во тело кое што на секоја седница ќе расправа за доделување на статус од јавен интерес. Затоа потребно е во рамките на надлежностите на Комисијата да бидат исцрпени сите технички прашања, Комисијата да одлучува за исполнувањето на критериумите и своето мислење само на верификација да го достави до Владата.*

*Меѓународната пракса покажува дека статусот од јавен интерес е пракса во западноевропските земји. Доделувањето на статусот со исклучок на В. Британија и Молдавија каде што постои независна комисија, е поврзано со судовите (Унгарија, Грција), органите одговорни за финансии и даноци (повеќето западноевропски земји), министерствата за правда (Бугарија), други државни органи во соработка со комисии. Таков е случајот во Латвија каде што статусот го дава Министерство за финансии со*

*посредство на Комисија за јавен интерес. Во Полска ОЈИ се регистрираа во Централниот регистар на судот но со претходно мислење од Советот за дејности од јавен интерес или во Естонија каде што одреден улога има и Владата но и во овој случај по препорака на Експертски комитет составен само од претставници од граѓански организации именувани од страна на Министерството за финансии.*

*Со цел да бидат опфатени најголемиот дел од дејностите од јавен интерес предлагаме Комисијата да има поширок состав и да брои вкупно 11 членови. Имено, покрај веќе наведените органи на државната управа потребно е при формирање на Комисијата да се остави можност за проценка на Владата да вклучи уште два други органи на државната управа и двајца претставници од граѓанското општество. На пример како предлог да се вклучи друг орган на државната управа може да биде Генералниот секретаријат на Владата. Бидејќи со овој закон е предвидено административно-техничките работи да ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации, поради соодветен проток на информации добро е во Комисијата да биде застапен и член од овој орган на државната управа. Исто така поради дополнителните даночни ослободувања добро е да учествува и претставник на УЈП. Алтернатива е да претставникот на Министерството за финансии биде од УЈП или од соодветна даночна организациона единица. Исто така, на пример доколку се смета дека прашањето на потрошувачите е важно, може член на Комисијата да има и од Министерство за економија и сл.*

*Дополнително, следејќи ја меѓународната пракса, а и поради потребата од поголема отчетност и објективност во одлучувањето предлагаме во Комисијата да има и двајца членови кои што ќе бидат од граѓанското општество.*

*Критериуми за избор на овие членови ќе треба да направи Владата.*

**25. Амандман на член 80 (Надлежности на Комисијата)**

Во ставот (1) алинеја 1 зборот предлози се заменува со донесува решенија.

Во ставот (1) алинеја 2 делот од реченицата „и дава мислења“ се брише.

Новиот член 80 гласи:

*„ (1) Комисијата ги врши следните работи:*

*- донесува решенија за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес;*

*- разгледува деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес;*

*- предлага поведување прекршочна постапка;*

*- го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година.*

*(2) Комисијата донесува деловник за својата работа.*

*(3) Извештајот од ставот (1) алинеја 4 Комисијата го објавува на својата веб страна.*

***Образложение:***

*Поради усогласување со членот 79 зборот „предлози“ се заменува со „решенија“. Во однос на деловните извештаи Комисијата само ги разгледува, без потреба за давање мислење бидејќи не е јасно до кого се даваат тие мислења. Комисијата секако е овластена да поведува прекршочна постапка односно да одлучува за престанок на статусот од јавен интерес, па доколку воочи неправилности во однос на финансиското работење или организацијата не ги достави на време извештаите Комисијата има на располагање соодветни механизми. Исто така Комисијата подготвува годишен извештај за својата работа во кој може да се подготват сумарни анализи и мислења по одредени прашања вклучувајќи и за деловните и финансиските извештаи на организациите со статус од јавен интерес“.*

**26. Амандман на член 82 (Постапка за добивање на статус на организација од јавен интерес)**

Ставот (1) се менува и гласи: „ Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес се поднесува до Комисијата“.

Новиот член 82 гласи:

*„ (1) Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес се поднесува до Комисијата.*

*(2) Ако се утврди дека барањето не е комплетно, Комисијата ќе го повика подносителот на барањето и ќе му определи рок од 15 работни дена да постапи по укажувањето.*

*(3) Ако во рокот од ставот (2) на овој член, здружението или фондацијата не постапи по укажувањето, барањето ќе се смета дека не е поднесено“.*

***Образложение:***

*Поради практични причини барањето потребно е да се достави директно до Комисијата бидејќи првично Комисијата треба да го провери задоволувањето на техничките критериуми (комплетираност на барањето). Алтернатива е и директна достава на барањето до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации како служба која што ги врши административно-техничките работи на Комисијата.*

**27. Амандман на член 83 (Право на тужба)**

Новиот член 83 гласи:

*„ (1) Комисијата донесува решение, а Владата на Република Македонија го верификува, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.*

*(2) Против решението за одбивање на барањето за добивање на статус организација од јавен интерес може да се поведе управен спор.*

*(3) Управниот суд по тужбата одлучува во рок од 30 дена од денот на приемот на тужбата“.*

***Образложение:***

*Усогласување со решението предложено во член 83. Ставот (2) се менува да се појасни дека правото на управен спор е во случај на одбивање на барањето.*

**28. Амандман на член 85 (Извештаи)**

Во став (1) делот од реченицата *„за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување“* се менува со *„за својата работа до Комисијата за усвојување“*

Во ставот (1) делот од реченицата „најдоцна до 31 март“ се заменува со: *„најдоцна до 30 јуни.“*

Новиот член 85 гласи:

*„(1) Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Комисијата за усвојување, а најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.*

*(2) Образецот за формата и содржината на извештаите од став (1) на овој член ги пропишува Министерот за финансии.“*

***Образложение:*** *Комисијата треба да биде органот во чиј делокруг спаѓа оваа надлежност, како и повеќето други надлежности. Годишно доставување на извештаите*

*и нивно усвојување од страна на Владата, ќе ја претвори Владата во оперативно тело и ќе предизвика поголем административен проблем.*

*Се предлага поместување на рокот од 31 март на 30 јуни, бидејќи рокот до 31 март е прекраток за доставување на финансиски извештаи, кои во одреден број случаи треба да бидат ревидирани од ревизорска куќа. Потврда за тоа е дека со соодветните закони банки се задолжени да ги објават своите извештаи до 15 мај, а акционерските друштва до 30 јуни. Со рок до 31 март, организациите се ставаат во нееднаква положба во однос на далеку помоќни институции како банки и акционерски друштва.*

**29. Амандман на член 86 (Ревизија)**

Во ставот (1) износите на буџетите од 10.000 и 100.000 евра се зголемуваат на 50.000 и 200.000 евра. Ставот (1) се менува и гласи „(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 50.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 200.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат ревизија на финансиски извештаи изготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување".

Во ставот 2 делот од реченицата „заедно со извештајот од член 77 став (2) алинеја 4 од овој закон" се брише.

Новиот член 86 гласи:

*„(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 50.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 200.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат независна годишна ревизија на финансиските извештаи изготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување.*

*(2) Извештајот за ревизијата од став (1) на овој член заедно со извештајот од член 85 се поднесува најмалку еднаш годишно."*

***Образложение:***

*Оваа одредба е многу значајна за транспарентноста на организациите и е битен чекор во зголемувањето на довербата во нив. Независните ревизии треба да се гледаат не само како товар за организациите, туку и како можност за добро управување и зголемена транспарентност. Зголемена транспарентност треба да биде брана од ризикот на корупција во граѓанските организации, посебно од наплив на ГОНГО, како што покажува примерот на Бугарија.*

*Сепак износот на буџетите за кој е потребна ревизија е пренизок и ќе претставува финансиски товар за организациите и како цена на ревизија и како трошок за постигнување на стандарди посебно според ИФРС стандарди. Најниската цена за ревизија изнесува околу 500 Евра. На буџет од 10.000 Евра тоа изнесува 5%. Овие 5% се фиксен или индиректен расход што ќе претставува големо оптоварување. Во пракса прифатливо оптоварување за ревизија изнесува 2-3%. Во корелација со најниската цена буџетот треба да изнесува 50.000 Евра за да биде економски оправдана ревизијата. За примена на ИФРС стандарди сметаме дека буџетот треба да изнесува 200.000 Евра.*

*Во други земји има различни искуства. Во Велика Британија обврската за надворешна контрола од „надворешен истражувач", но не ревизор започнува од 10.000 ГБП. Обврските за ревизија започнуваат од 100.000 односно 250.000 ГБП (*Charity Commission, 2009*). Во Република Ирска обврската за ревизија е за буџети над 100.000 Евра (ЕФЦ, 2007). Во Бугарија обврска за ревизија имаат фондациите со 1 милион Евра буџет (ЕФЦ, 2008).*

*Врз основа на споредбени информации, состојбата во земјата (пр. износ на приходи со кој се станува даночен обврзник), спремноста на донаторите да ги покријат трошоците за ревизија и сл. предлагаме подигнување на износот на буџетите.*

*Македонија ги применува меѓународните сметководствени стандарди во домашните прописи. Затоа треба да се прецизира дека за организациите со повисоки буџети ќе треба да ги исполнат повисоките стандарди – меѓународните стандарди за финансиско известување*

*Промената во ставот (2) е направена поради промените кои што се предложени во член 77. Извештајот од ревизијата треба да биде составен дел на финансискиот извештај на организациите со статус од јавен интерес и да се достави до Комисијата.*

**30. Амандман на член 87 (Јавност на извештаите)**

Делот од одредбата кој гласи *„најдоцна до 31 март“* се заменува со: *„најдоцна до 30 јуни“.*

Новиот член 87 гласи:

*„Извештаите од членовите 85 и 86 од овој закон се јавни и се објавуваат на веб страната на организацијата со статус од јавен интерес до 30 јуни во тековната година за претходната година“.*

***Образложение:***

*Како и образложението за член 85.*

**31. Амандман на член 89 (Престанок на статус од јавен интерес)**

Потребно е усогласување на став (2) со член 79 и 80.

По ставот (1) се додава нов став (2) „Комисијата пред да донесе решение за престанок на статус на организација од јавен интерес, ја известува организацијата за забелешки во однос на алинеите 2 – 5 и одредува рок од 30 дена за нивно отстранување. Доколку организацијата не ги отстрани забелешките во наведениот рок, Комисијата донесува решение за престанок“. Ставот (2) станува став (3), ставот (3) станува став (4), а ставот (4) станува став (5).

Новиот член 89 гласи:

*(1) Статусот на организација од јавен интерес престанува:*

- *по барање на здружението или фондацијата;*
- *кога престанала да ги исполнува условите што се потребни за добивање на статусот организација од јавен интерес;*
- *ако не формира надзорен одбор и не постапува согласно статутот;*
- *ако не поднесе извештај во роковите определени со овој закон;*
- *ако не поднесе ревизиски извештај во роковите согласно овој закон; и*
- *со своето работење не го одразува јавниот интерес за кој го добила статусот.*

(2) *Комисијата пред да донесе решение за престанок на статус на организација од јавен интерес, ја известува организацијата за забелешки во однос на алинеиите 2 – 5 и одредува рок од 30 дена за нивно отстранување. Доколку организацијата не ги отстрани забелешките во наведениот рок, Комисијата донесува решение за престанок.*

*(3) Решението за престанок на статусот на организација од јавен интерес кое го донесува Комисијата се верификува од страна на Владата на Република Македонија.*

*(4) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.*

*(5) Организациите од јавен интерес на кои им престанал статусот на организации од јавен интерес се должни во рок од 30 дена до Комисијата да достават извештај за периодот од последниот извештај до моментот на престанокот на статусот“.*

**32. Амандман - Нов член 93а**

По членот 93 да се додаде нов член кој ќе гласи:

*„Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на орган на државната управа, на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје кои на својата веб – страна не ги објават организациите кои добиле средствата како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства согласно членот 49 од овој закон“.*

***Образложение:*** *Потребно дополнувањето поради транспарентност и одговорност на органите на државната управа и општините за доделените средства на организациите.*

**33. Амандман на член 97**

Ставот (1) се менува и гласи: „Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет до 200.000 евра, ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон“.

По ставот (1) се додава став (2) кој гласи: „Глоба во износ од 500 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет над 200.000 евра, ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон“.

Ставот (2) станува став (3).

Новиот член 97 гласи:

*„ (1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет до 200.000* евра *ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон.*

*(2) Глоба во износ од 500 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес која има годишен буџет над 200.000 евра, ако не поднесе деловен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон*

*(3) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) и (2) на овој член ќе и се изрече и на организацијата.“*

***Образложение:***

*Бидејќи распонот на минимумот и максимумот на глобата е многу голем, сметаме дека истиот треба да се подели во зависност од големината на организацијата односно од нејзиниот годишен буџет. Потребна е пропорционалност на глобите со буџетите на организациите од јавен интерес. Преголемо оптоварување е за организацијата која има буџет на пр. 20.000 евра да плати глоба од 3.000 евра (што е 15% од буџетот). Од друга страна за поголемите организации на пример со буџет од 200.000 евра, глоба од 3.000 евра ќе биде 1,5% од вкупниот буџет. Ваквата ситуација е неправична.*

**34. Амандман на член 102**

Членот се дополнува со два нови става (2) и (3) кои гласат:

(2) Во рок од дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласи законот со кој се уредуваат донации и спонзорства со одредбите на овој закон.

(3) Во рок од дваесет и четири месеци од денот на влегување во на овој закон ќе се утврдат со законите кои се уредуваат, дополнителните даночни и царински олеснувања согласно со член 88 од овој закон.

Новиот член 102 гласи

*„ (1) Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се донесат подзаконските акти утврдени со овој закон.*

*(2) Во рок од дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласи законот со кој се уредуваат донации и спонзорства со одредбите на овој закон.*

*(3) Во рок од дваесет и четири месеци од денот на влегување на овој закон ќе се утврдат со законите кои се уредуваат, дополнителните даночни и царински олеснувања согласно со член 88 од овој закон.“*

**Образложение:**

*Со законот за донации и спонзорства се уредуваат меѓу другото и подрачјата од јавен интерес, како и други прашања. Кога тој закон е донесен не постоеја одредби за статус на организација од јавен интерес. Сега бидејќи ЗЗФ е основен закон, законот за донации и спонзорства треба да се усогласи со одредбите на овој закон.*

*Со членот 88 се утврдуваат дополнителните даночни и царински олеснувања за организациите од јавен интерес. Потребна е временска рамка во која овие дополнителни олеснувања ќе се одредат во соодветните даночни и царински закони.*

## II. ПРЕДЛОГ АМАНДМАНИ СО УМЕРЕН ПРИОРИТЕТ

### 1. Амандман на член 3 (Значење на изразите употребени во овој закон)

Алинеја 5 се дополнува со „највисок акт на организацијата“ и гласи: „„Статут” е највисок акт на организацијата со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на организацијата“.

Алинеја 7 се дополнува со: „Другите акти, ако организацијата ги донесе, мора да бидат во согласност со закон и статутот. Одредбите на друг акт на организацијата кои се спротивни на статутот се ништовни.”

Во алинеја 15 се исправа набројувањето.

Алинеја 15 се брише.

Членот 3 се дополнува со нов став (2): кој гласи: *„(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: „само” или „освен” не е исклучена множината или еднината.“*

Новиот член 3 гласи:

*1. „Организација” е секое здружение, фондација, сојуз и организационите облици на странска организација, регистрирани согласно одредбите на овој закон;*

*2. „Дејност” е активност класифицирана според националната класификација на дејности со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот:*

*3. „Акт за основање” е актот со кој се основа организацијата;*

*4. „Имот” на организација се сите, сопственички и други стварни права што организацијата ги стекнува над движните и недвижни ствари и правата кои основачите ги вложиле во организацијата и кои организацијата ги стекнала со своето работење;*

*5. „Статут” е највисок акт на организацијата со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на организацијата“;*

*6. „Статусни промени” означуваат присоединување, спојување и поделба на организацијата на начин и услови определени со овој закон;*

*7. „Други акти” се акти со кои се уредуваат односите што не се уредени со актот за основање или со статутот (правилник, одлука, деловник, програма и други акти. Другите акти, ако организацијата ги донесе, мора да бидат во согласност со закон и статутот. Одредбите на друг акт на организацијата кои се спротивни на статутот се ништовни.*

*8. „Орган за надзор” е органот (надзорен одбор, комисија за ревизија или контролор) чии работи се поврзани со надзорот над работењето на организацијата;*

*9. „Имотна маса” се пари, ствари и/или права кои основачот, ги отстапува и пренесува на фондацијата во постапката на основање;*

*10. „Застапник” е лице или орган во организацијата (застапник на здружение, директор на фондација, или орган определен со статут) чии права, овластувања и одговорности се поврзани со раководењето на организацијата и застапувањето на организацијата во согласност со закон;*

*11. „Одлучување без присуство” е начин преку кој членовите на органите се изјаснуваат, без одржување седница на органот или без присуство на член на органот, а преку телефонска конференција, потпишување на актот или на друг начин уреден со статутот на организацијата;*

*12. „Заверена изјава/согласност” е акт чиј потпис е заверен кај нотар;*

*13. „Лице” е секое физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;*

*14. „Странска организација” во смисла на овој закон е странско или меѓународно здружение, фондација или друг облик на организација основана за остварување на заедничка цел која не е за стекнување добивка, и е основана во согласност со правниот систем на странската држава.*

*15. „Организација со статус од јавен интерес” е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес во согласност со овој закон;*

*16. „Судир на интереси” подразбира судир на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата со приватниот интерес на лицето кое има овластувања и должности, во кои приватниот интерес влијае или може да влијае врз вршењето на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата; и*

*17. „Цел” на организацијата е проектиран резултат или состојба која организацијата треба да ја постигне.*

*(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: „само” или „освен” не е исклучена множината или еднината.“*

***Образложение:***

*Со дополнувањето на алинејата 5 и 7 се воспоставува јасна хиерархија во односот закон – статут – други акти. Промената би придонела кон доброто управување и транспарентноста.*

*Набројувањето на алинеја 15 се повторува двапати. Терминот „Странско физичко лице“ не се употребува понатаму во законот и затоа нема потреба да се утврдува значењето.*

*Во законот се употребуваат еднина и множина како здружение/ија, основач/чи итн. Со додавањето на став (2) ќе се олесни толкувањето и примената на законот. Ваков став е употребуван и во друг закон во земјава.*

**2. Амандман на член 10 (Независност)**

На почетокот на членот да се дополни со „Здружувањето се заснова на слободна волја на основачите и доброволно учество на членовите и нивната самоуправа, односно “

Новиот член 10 гласи:

*„Здружувањето се заснова на слободна волја на основачите и доброволно учество на членовите и нивната самоуправа, односно организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.“*

***Образложение:***

*Со тоа се нагласува дека клучно за граѓанското општество е слободната волја и доброволното учество. Исто така се гради разбирање дека организациите засновани на задолжително членство (на пр. коморите) не се дел од организациите.*

**3. Амандман на член 11 (Јавност и транспарентност)**

Ставот (2) се менува и гласи: „Со статутот на организациите се определува начинот на обезбедување и остварување на јавност во нивната работа“.

Новиот член 11 гласи:

*„ (1) Работата на организацијата е јавна.*

*(2) Со статутот на организациите се определува начинот на обезбедување и остварување на јавност во нивната работа.“*

***Образложение:***

*Потребно е да се појасни дека начинот на остварување на јавноста на организациите треба да биде предвидена во статутите на организациите, а објавувањето на статутите и други акти дека не е единствениот начин за искажување на јавноста на работењето.*

**4. Амандман на член 20 (Регистар на членови)**

Во став (4) се брише делот од реченицата *„класифицирани информации“.*

Новиот членот 20 гласи:

*„(1) Здружението води регистар на членови, и евиденција на членовите на органите.*

*(2) Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш на две години.*

*(3) Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.*

*(4) Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.*

***Образложение:***

*Организациите немаат класифицирани информации.“*

**5. Амандман на член 22 (8. Собрание на здружението)**

По ставот (1) се додава нов став 2 кој гласи: „Со статутот може да се утврди поинакво име на собранието“. Ставот (2) станува став (3).

Новиот член 22 гласи:

*„(1) Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.*

*(2) Со статутот може да се утврди поинакво име на собранието*

*(3) Со статутот може да се определи начинот на претставување на членовите на здружението во собранието на здружението, преку свои избрани претставници.“*

***Образложение:***

*Потребна е поголема разноличност во именување на органите поради карактерот на граѓанското општество.*

**6. Амандман на член 47 (8. Јавност на регистарот)**

На крајот на членот после зборот “Регистарот“ се додава: *„во согласност со закон“.*

***Образложение:*** *Во регистарот има и лични податоци заштитени со закон.*

**7. Амандман на член 48 (Извори на финансирање)**

Членот се менува и гласи:

*„Здруженијата, фондациите и сојузите средствата за финансирање ги стекнуваат од*
*1. членарина;*
*2. основачки влогови;*
*3. доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати и слично;*
*4. вложувања, кирии и закупнини, дивиденди, капитални приходи и приходи од хартии од вредност;*
*5. вршење на дејности (сопствени приходи)*
*6. камати, заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.“*

***Образложение:*** *Со групирањето на изворите се подобрува формулацијата и јасноста на одредбата.*

**8. Амандман на член 57**

Во ставот (1) зборот „вршат“ се менува со „имаат“.
Новиот член 57 гласи:

*„(1) Членовите на организацијата, имаат увид во работата на органите на организациите“.*

*(2) Ако членовите на организацијата или членовите на органите на организацијата дознаат за неправилности во примената на статутот, или во финансиското работење, можат да побараат отстранување на неправилноста од органот определен со статутот, односно највисокиот орган ако со статутот не е определен друг орган“.*

***Образложение:***
*Посоодветен термин, кој означува право.*

**9. Амандман на член 70 (Скратена постапка за ликвидација)**

Во ставот (2) Зборот „брише“ се менува со “бришење“
Новиот член 70 гласи:

*„ (1) Организацијата може да престане по скратена постапка за ликвидација, ако по донесувањето на одлуката за престанок на постоење од органот определен со статутот повеќето членови на собранието или застапниците на фондацијата и на странската организација, поднесат до Регистарот заверена изјава согласно закон, дека се подмирени сите обврски кон доверителите и кон вработените во организацијата.*

*(2) Лицата од ставот (1) од овој член одговараат солидарно за обврските на организацијата во рок од три години од денот на бришење од Регистарот.*

*(3) Организацијата која престанува по скратена постапка се брише од Регистарот, а се впишуваат имињата и живеалиштето, односно седиштето на лицата од ставот (1) од овој член, со назнака за нивната солидарна одговорност за обврските на организацијата.“*

***Образложение:***
*Станува збор за граматичка грешка.*